**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-4
26.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет:** **Одговор на Претставка - известување за случај на цензура**

Почитуван,

Во врска со Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/4 од 12.02.2025 г.) во која барате мислење – реакција од Агенцијата, за како што велите „јасен случај на политичка цензура“, Ве известуваме за следново:

Агенцијата, како што точно цитирате, е регулаторно тело кое се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, но таа нема надлежност над сите медиуми и нема општа надлежност над платформите за споделување видеа како „Фејсбук“.

Со измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) од јули 2023 г., со кои беше направено усогласување со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година (ЕУ) 2018/1808, Агенцијата ги регулира и платформите за споделување видеа, но само оние кои се под нејзина јурисдикција (односно оние кои се основани или се сметаат за основани во РС Македонија) и само платформите кои и обезбедуваат на јавноста пристап до програми и/или до видеа создадени од корисници што имаат информативна, образовна или забавна функција, за која давателот на услугата нема уредничка одговорност за содржините, туку само го одредува начинот на кој услугата е организирана.

Според Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, на европско тло, за платформите за споделување видеа надлежни се регулаторните тела за медиуми во земјите каде што тие се основани. Во случајов за социјалната мрежа Фејсбук, јурисдикција има медиумскиот регулатор од Република Ирска.

Платформите се регулирани и во Регулативата на ЕУ за дигитални услуги, но таа сè уште не е имплементирана во македонското законодавство. За областите што ги покрива оваа Регулатива, за многу големите платформи, каква што е Фејсбук, надлежна е Европската комисија.

Член 144-а став 3 од ЗААВМУ упатува дека „на давателите на услуга платформа за споделување видеа, за кои се смета дека се основани во земја-членка на Европската Унија, соодветно се применуваат одредбите од Законот за електронска трговија, со кои е уредено ограничувањето на давање услуги на информатичко општество“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Надлежни органи пак за одредбите од Законот за електронска трговија, се Министерството за економија, Министерството надлежно за работите од областа на електронските комуникации, и Агенцијата за електронски комуникации.

Сепак, за Вашиот случај не се применливи овие механизми. За отстранувањето на Вашиот текст надлежен и одговорен е исклучиво Фејсбук и одговор за причините за ваквата постапка, најдобро е да се обидете да побарате преку директен контакт со оваа платформа.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**